Број: 02 - _____
_____ 2016 година
С к о п ј е

ЗАПИСНИК
од ССII-та седница на Управниот одбор на
Фондот за здравствено осигурување на Македонија,
одржана на 21 јули 2016 година со почеток во 12.00 часот во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

Присутни членови на Управниот одбор:

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Ангел Митевски, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *Прим. М-р Д-р Илија Глигоров, претставник на пензионерите во Република Македонија - член;*
- *Проф. Д-р Бистра Ангеловска, претставник од Лекарската, Фармацевтската и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Д-р Тања Дејаноска, претставник на стопанствениците во Република Македонија - член;*

Отсутни членови на Управниот одбор:

- *Д-р Ненад Гавриловиќ, претставник на осигурениците – член.*

Присутни од ФЗОМ:

- *Д-р Сашо Стефаноски, директор на ФЗОМ;*
- *Орхан Рамадани, директор на ФЗОМ;*
- *Татјана Сугарева, раководител на одделението за јавни набавки (делумно присутна);*
- *Јасмина Смилевска, шеф на одделот за болничка здравствена заштита (делумно присутна);*
- *Вулнет Мурсели, директор на секторот за спроведување на меѓународни договори за социјално осигурување (делумно присутен);*
- *Даниела Каркински, шеф на оддел за контрола на усатнови од примарна здравствена заштита (делумно присутна);*
- *Бранко Аџигогов, советник на директорот (делумно присутен);*
- *Христо Трповски, раководител на одделението за регрес и судски постапки, во својство на записничар.*

Седницата ја водеше претседателката на Управниот одбор Елена Трпковска. На почетокот утврди дека се присутни шест членови на Управниот одбор со што условите за полноважно работење и одлучување се исполнети по што го прочита претходно доставениот

П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д

- *Усвојување на записниците од 200 и 201 седница на Управниот одбор*

1. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на оддалечени рурални подрачја и места;*
2. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на вкупниот договорен надоместок на јавните здравствени установи за 2016 година;*
3. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко – консултативната здравствена заштита за 2016 година;*
4. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи кои вршат специјалистичко – консултативна стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика за 2016 година;*
5. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Планот за јавни набавки за 2016 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
6. *Предлог за донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство;*
7. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство;*
8. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*
9. *Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите;*
10. *Разгледување на барања упатени до Управниот одбор;*
11. *Предлог за изменување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурените лица можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
12. *Разно.*

Потоа наведе дека од директорите се предлага на оваа седница да не се разгледуваат предложените точки 6 - Предлог за донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство и 9 - Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите затоа што е потребно да се доработи материјалот. Предлогот беше едногласно прифатен, со што за работата на ССII-та седница се усвои следниот

Д Н Е В Е Н Р Е Д

- *Усвојување на записниците од 200 и 201 седница на Управниот одбор*

1. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на оддалечени рурални подрачја и места;*
2. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на вкупниот договорен надоместок на јавните здравствени установи за 2016 година;*
3. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко – консултативната здравствена заштита за 2016 година;*

4. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи кои вршат специјалистичко – консултативна стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика за 2016 година;*
5. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Планот за јавни набавки за 2016 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
6. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство;*
7. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*
8. *Разгледување на барања упатени до Управниот одбор;*
9. *Предлог за изменување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурените лица можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
10. *Разно.*

Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред по редоследот како што е тоа забележано во овој записник.

- *Усвојување на записниците од 200-та и 201-та седница на Управниот одбор*

Управниот одбор без забелешки, едногласно ги усвои записниците од 200-та седница одржана на 16 мај 2016 и од 201-та седница одржана од 19 до 25 мај 2016 година.

ТОЧКА 1 - *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на оддалечени рурални подрачја и места*

Во рамките на првата точка на дневниот ред, Управниот одбор врз основа на предлогот содржан во работните материјали за седницата, без дискусија едногласно донесе

Одлука
за изменување на Одлуката за утврдување
на оддалечени рурални подрачја и места

со која од руралното подрачје Копаница се избриша населеното место Рашче.

ТОЧКА 2 - *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на вкупниот договорен надоместок на јавните здравствени установи за 2016 година*

Објаснување на предлогот даде директорот Рамадани. Наведе дека се предлага намалување на надоместокот на ЈЗУ Универзитетски институт за позитронско емисиона томографија, бидејќи установата започнала со работа во месец јуни а сега важечкиот надоместок им беше утврден за целата 2016 година. Покрај тоа, се предлага зголемување на надоместокот на ЈЗУ Институт за јавно здравје, поради остварувањето на поголем вид и обем на здравствени услуги во првиот квартал на годината за повеќе од 13%.

По објаснувањето на директорот Рамадани, дискутираа членовите на Управниот одбор при што изнесоа различни гледања во однос на зголемувањата и намалувањата на надоместоците на јавните здравствени установи. Беа поставени и дополнителни прашања на кои одговори даваа директорите Рамадани и Стефаноски.

По заклучувањето на дискусијата, Управниот одбор едногласно донесе

Одлука
за изменување на Одлуката за утврдување на вкупниот договорен надоместок на јавните здравствени установи за 2016 година

со која беа извршени предложените измени на договорните надоместоци на двете здравствени установи.

ТОЧКА 3 - *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко – консултативната здравствена заштита за 2016 година*

Во рамките на третата точка, Управниот одбор врз основа на предлогот содржан во работните материјали за седницата, едногласно донесе

Одлука
за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко – консултативната здравствена заштита за 2016 година

со која се намали договорниот надоместок на една здравствена установа која обезбедува услуги од областа на специјалистичко - консултативната здравствена заштита, поради раскинување на нејзиниот договор со Фондот за тимот на лекарот на кој му престанал работниот однос со здравствената установа.

ТОЧКА 4 - *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи кои вршат специјалистичко – консултативна стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика за 2016 година*

Во рамките на третата точка, Управниот одбор врз основа на предлогот содржан во работните материјали за седницата, едногласно донесе

Одлука
за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи кои вршат специјалистичко – консултативна стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика за 2016 година

со која се намали договорниот надоместок на една здравствена установа поради раскинување на нејзиниот договор со Фондот за тимот на еден лекар.

ТОЧКА 5 - *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Планот за јавни набавки за 2016 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

Објаснување на предлогот даде Татјана Сугарева. Наведе дека предлогот за зголемување на проценетата вредност на услугите на ревизија и надзор е даден затоа што износот кој бил првично утврден врз основа на минатогодишниот план, се покажал како недоволен за годинашните потреби.

По објаснувањето, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената

Одлука
за изменување на Планот за јавни набавки за 2016 година
на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

ТОЧКА 6 - *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство*

Објаснување на предлогот дадоа Вулнет Мурсели и Јасмина Смилевска. Наведоа дека се предлага со одлуката да се заменат обрасците на барањата врз основа на кои се остваруваат права од задолжително здравствено осигурување, поради нивно усогласување со одредбите на новиот Закон за општата управна постапка според кој е потребно на образецот да биде наведено која документација ја поднесува осигуреникот а која треба да ја прибави Фондот по службена должност.

По објаснувањето, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената

Одлука
за изменување на Одлуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги
на осигурените лица во странство

ТОЧКА 7 - *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување*

Јасмина Смилевска наведе дека како и кај претходната точка и овој предлог се дава од истите причини, односно заради замена на обрасците, со што согласно новиот Закон за општата управна постапка ќе биде наведено која документација ја поднесува осигуреникот а која треба да ја прибави Фондот по службена должност.

По објаснувањето, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената

Одлука
за изменување на Одлуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските
од задолжителното здравствено осигурување

ТОЧКА 8 - *Разгледување на барања упатени до Управниот одбор*

Во рамките на оваа точка од дневниот ред, Управниот одбор ги разгледа барањата на Илинка Иванова од Штип, фирмата Агро Темиш од Брвеница и на ПЗУ Хоспиталија од Прилеп и мислењата на стручната служба во врска со нив. Покрај тоа, се запозна и со известувањето кое стручната служба го дала на Здружението за цистична фиброза по барање упатено до Фондот и Управниот одбор на Фондот. По разгледувањето на барањата, ја задолжи стручната служба да подготви известувања за барателите а во врска со барањето на Агро Темиш донесе и

Заклучок: *Да се оствари средба со Управата за јавни приходи на која да се побара законски начин за решавање на случаите кои доведуваат до плаќање на придонесот за задолжително здравствено осигурување надвор од утврдениот начин на интегрирана наплата.*

ТОЧКА 9 - *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурените лица можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

Објаснување на предлогот даде Бранко Аџигогов. Наведе дека Комисијата за ортопедски и други помагала што паѓаат на товар на ФЗОМ, на редовна основа прави ревидирање на референтните цени на ортопедски и други помагала, по основ на споредбени анализи на цените на помагалата во Република Македонија и во референтните земји и доколку се утврди потреба предлага до Управниот одбор утврдување на нови или изменување на важечките референтни цени. Врз основа на работата на комисијата во претходниот период се предлага да бидат изменети цените на следните ортопедски помагала: Задушен слушен апарат со најмалку четири канали, Задушен слушен апарат со најмалку два канали, Тоалетна инвалидска количка, Електромоторна инвалидска количка, Анти декубитус перниче полнето со воздух или гел, и Високоперформантни анатомски ноќни пелени за инконтиненција (уринарна и фецесна), за лица над 40кг. Според анализата на комисијата, со новите цени за овие шест ортопедски помагала се очекува значителна заштеда на средства.

По објаснувањето и кусата дискусија што следуваше, Управниот одбор едногласно донесе

Одлука
за изменување на Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурените лица можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

со која се извршија предложените измени на референтните цени на шест помагала.

По донесувањето на одлуката од точката 9, бидејќи не беа дадени предлози за разгледување под точката 10 – Разно, дневниот ред беше исцрпен и Управниот одбор во 14.30 часот заврши со работата на ССII-та седница.

Записничар,
Христо Трповски

Управен одбор
Претседател,
Елена Трпковска

Согласен, директор:
Д-р Сашо Стефаноски
Орхан Рамадани Orhan Ramadani